Влада на Република Северна Македонија

# ЗАПИСНИК
од Триесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 22 декември 2020 година

Скопје, декември 2020 година

**З А П И С Н И К**
**од Триесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 22 декември 2020 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 12:20 часот.

Со седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев.

На седницата учествуваа Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Љупчо Николовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси и м-р Никола Димитров, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, членовите на Владата: м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Бојан Маричиќ, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, Мила Царовска, министер за образование и наука, д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа, д-р Ирена Стефоска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Јетон Шаќири, министер за информатичко општество и администрација, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Мухамед Зеќири и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата учествуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

На седницата учествуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Душко Арсовски, портпарол на Владата на Република Северна Македонија, Сања Лукаревска, директор на Управата за јавни приходи, Билјана Ивановска, претседател на Државната комисија за спречување на корупцијата и д-р Драги Рашковски, од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествуваа Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и членот на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи.

*

*         *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

- **Усвојување на записниците од 19-та и 27-та седница на Владата, одржани на 10 ноември 2020 година и 10 декември 2020 година**

**ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВНИОТ РЕД:**

- Практично Упатство за правилата за ад-хок откривање управување со случаи на судир на интереси за членовите на Владата на Република Северна Македонија, со презентација од Државната комисија за спречување на корупцијата

- Нацрт - концепција за основно образование во Република Северна Македонија

1. Предлог - одлука за распределба на добивката по Годишната сметка за 2019 година на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје

2. Предлог – одлука за избор на овластен ревизор за ревизија на Годишните сметки и финансиските извештаи за 2020 и 2021 година на АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје

3. Информација за давање согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредните години од буџетот на Државна комисија за спречување на корупцијата за набавка за изработка на Регистар на избрани и именувани лица, електронско доставување на изјава за имотна состојба и интереси, нивно објавување, систем за прибирање на податоци од други институции, нивна обработка, модул за менаџирање со документи и одржување на целокупниот систем

4. Предлог - одлука за избор на овластен ревизор за ревизија на Годишната сметка за 2020 година на Акционерското друштво за производство на електрична енергија ТЕЦ Неготино, во државна сопственост, Неготино

5. Информација за Предлог договорот за доделување на државна помош на Друштво за производство, трговија и услуги „Пурпласт МК“, ДОО Илинден, со Предлог-одлука

6. Информација за текот за реализација на Проектот за користење услуга на Бањско климатска рекреација на корисници на пензија за 2020 година

7. Извештај за реализирана Годишна програма за работа на Институт за акредитација на Република Северна Македонија за 2019 година

8. Предлог - одлука за престанок на користење и пренесување на правото на сопственост на движни ствари на Општина Чаир (ситен инвентар и компјутерска опрема)

9. Информација за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, со Предлог – одлука (Агенција за супервизија на осигурување)

10. Информација за донесување на Предлог-одлуката за изменување на Одлуката за висината на надоместоците за спроведување на активности од јавен интерес од областа на здравствена заштита на животните

11. Информација за доделување на патокази за туристичка намена на Општина Ресен, со Предлог – одлука

12. Информација за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, со предлог-одлуки (Служба за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија)

13. Информација за давање согласност со подавка преку Нотар да се понуди ½ идеален дел за продажба на одземен недвижен имот на другите сосопственици на недвижниот имот (запишан во Имотен лист бр.449 за КО Центар 1 на КП 8346/1, Имотен лист 98060 за КО Центар 1 на КП 8346/6, Имотен лист 104180 за КО Центар 1на КП 8346/7 и Имотен лист 112547 за КО Центар 1 на КП 8346/1)08-3172/1, со Предлог-одлука

14. Предлог на закон за управување со отпадот

15. Предлог на закон за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад

16. Предлог на закон за управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема

17. Предлог на закон за управување со дополнителни текови на отпад

18. Предлог на закон за управување со пакување и отпад од пакување

19. Предлог на закон за управување со батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори

20. Информација за активностите кои треба да се преземат во врска со реализацијата на Договорот за градежни работи „Изградба на патна делница Градско – Клучка Дреново, како дел од Коридор 10-д“

21. Информација за задолжување на Општина Ново Село кај Комерцијална банка АД Скопје, со Предлог-одлука за задолжување на Општина Ново Село со долгорочен кредит кај „Комерцијална банка “ АД Скопје

22. Информација во врска со Оперативниот буџет на „ТАВ Македонија“ ДООЕЛ за 2021 година

23. Информација со Предлог за именување на претседател на македонскиот дел на мешовитите комисии/комитети по спогодбите/договорите за економска/техничка/научна и трговска соработка со владите на одделни земји, со предлог-решенија

24. Информација во врска со Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина и Тендерска документација за спроведување на постапката за локалитетот „Бодевица“ Кучов Рид, Општина Пехчево, со Предлог – одлука

25. Информација со Анализа и Акциски план за Преспанското Езеро, подготвена од Експертската работна група за Преспанското Езеро

26. Информација во врска со барањето на Концесионерот „Гравис Хидро“, ДОО Гостивар за продолжување на рокот за изградба и почеток со комерцијална работа на мали хидроелектрични централи, МХЕЦ „Пена“ со реф.бр. 82, МХЕЦ Пена со реф. бр 84, МХЕЦ „Пена“ со реф.бр. 85, МХЕЦ „Шеличе“ со реф.бр. 91

27. Информација во врска со барањето на Концесионерот „Барт Енерџи“ ДОО Скопје за продолжување на рокот за изградба и почеток со комерцијална работа на МХЕЦ „Градиште“

28. Информација во врска со барањето на концесионерот „Макбел хидро“ ДОО Охрид за продолжување на рокот за изградба и почеток со комерцијална работа на МХЕЦ „Караниколос“ со реф.бр. 80

29. Информација во врска со барањето на Концесионерот Хидроенергија ДООЕЛ Скопје за продолжување рокот за изградба и почеток со комерцијална работа на малата хидроелектична централа МХЕЦ „Стровија“ со реф. бр. 250, со Анекс на договор

30. Информација во врска со статусот на реализација на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични, МХЕЦ „Жировница“ со реф.бр. 5, МХЕЦ „Жировница“ со реф.бр.6 на концесионерот „Хидроген енерџи“ ДОО Скопје, со Анекс на договор

31. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Г4–стоваришта КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево, со Предлог-одлука

32. Предлог - лиценца за приредување на игри на среќа во обложувалница на Друштвото за трговија и услуги „Тотал Про Спорт“ ДООЕЛ Скопје во уплатно-исплатното место кое се наоѓа на ул.„7“ бр.8, Батинци, Студеничани, Скопје

33. Годишен извештај за учеството на припадници на Армијата и вработените во Министерството за одбрана во хуманитарни операции, меѓународни операции, во НАТО мисии и операции и операции во примената на правото на индивидуална или колективната самоодбрана, како и во операции за кризен менаџмент и кооперативна безбедност надвор од територијата на Република Северна Македонија во 2020 година

34. Информација за потпишување на Договорот за правната положба на Организацијата на Северноатлантскиот договор, националните претставници и меѓународниот персонал, со текст на Договор

35. Предлог - одлука за отворање на Почесен конзулат на Исланд во Република Северна Македонија со седиште во Скопје

36. Предлог - одлука за давање согласност за именување Почесен конзул на Исланд во Република Северна Македонија со седиште во Скопје

37. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Казнено - поправната установа Затвор Битола (скенер)

38. Предлог - решение за именување национален координатор, негови заменици, секретар и членови на Националната комисија за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција во Република Северна Македонија

39. Предлог - деловник за дополнување на Деловникот за работа на Владата на Република Северна Македонија

40. Информација по доставено Барање за одобрение за основање на приватна установа за вонсемејна социјална заштита на стари лица „АРИЈА" на ул. Рудо бр. 15 Бутел - Скопје, со Предлог – одлука

41. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Здравствен дом Ресен (две патнички моторни возила)

42. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Центар за јавно здравје Тетово

43. Предлог - одлука за престанување на важењето на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Здравствен дом Гостивар

44. Предлог - решение за назначување на претседател, заменик - претседател и членови на Оперативното постојано тело за развој на концептот за едно општество и интеркултурализмот и Предлог-решение за назначување на претседател, заменик - претседател, членови, заменици - членови и секретари на Координативното тело за изготвување и следење на имплементација на Националната стратегија за развој на концептот за едно општество и интеркултурализам

45. Понуда од нотар Зафир Хаџи –Зафиров од Скопје за купопродажба на недвижен имот со КП 12592 и Имотен лист бр.92594 за КО Ѓорче Петров 6 - Ѓорче Петров

46. Понуда од нотар Фатмир Ајрули од Скопје за купопродажба на недвижен имот со КП 858, дел 1, Викано место/улица РУПА и Имотен лист бр.1720 за КО Бардовци

47. Понуда за купопродажба на недвижен имот со КП 858, дел 2, Викано место/улица РУПА и Имотен лист бр.49246 за КО Бардовци, доставена од нотар Фатмир Ајрули од Скопје

48. Понуда од нотар Јадранка Коцевска од Свети Николе за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.12879 за Свети Николе на КП бр.9915 дел 2 МВ Македонска

49. Кадровски прашања

50. Прашања и предлози

51. Информација за примена на Законот за медијација

52. Финансиски извештај на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала Борис Трајковски ДООЕЛ Скопје, за период од 1 јули 2020 година до 30 септември 2020 година

53. Тримесечен финансиски извештај за работењето на АД ТЕЦ Неготино, за периодот јули-септември 2020 година

54. Извештај за финансиското работење на ЈП „Стрежево"- Битола за третото тримесечје 2020 година од 1 јули 2020 година - 30 септември 2020 година

55. Информација со извештај за преземени активности предвидени во Националната стратегија за развој на концептот за едно општество и интеркултурализмот и Акцискиот план за спроведување за 2020-2022 година

56. Конечен извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и Ревизија на усогласеност за 2019 година на Јавната здравствена установа Институт по белодробни заболувања кај децата Козле-Скопје (Сметка за приходи од Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија (737))

57. Извештај за работа на Советот на Институтот за акредитација на Република Северна Македонија за 2019 година

58. Извештај од Одборот за надзор на материјално-финансиското работење на Институтот за акредитација на Република Северна Македонија за 2019 година

59. Информација за вакцинацијата против КОВИД-19 (прашалник на УНИЦЕФ и мислење од Бирото за јавни набавки)

60. Информација за вкупно пријавени штети, согласно Елаборатите доставени од Комисијата за проценка и утврдување на висината на штетата од елементарни непогоди формирана од Владата на Република Северна Македонија, согласно Законот за заштита и спасување во 2016, 2017 и 2018 година, а за кои нема донесено никаква одлука за надомест

61. Предлог - одлука за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година

62. Предлог - одлука за доделување на средства за реализирање на студиските програми за 2020 година на Православниот Богословски факултет „Св. Климент Охридски” - Скопје придружна членка на Универзитет „Св. Кирил и Методиј” – Скопје

63. Предлог-одлуки за изменување на  одлуките за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година на  Акционерско друштво Градски  трговски центар – Скопје и Јавното претпријатие за државни патишта Скопје

64. Информација за потребата од реструктуирање на заемот од Светска банка за Проектот за надградба и развој на патишта во износ од 73 милиони евра и продолжување на времетраењето на Проектот

65. Предлог - одлука за доделување на средства за реализирање на студиските програми за 2020 година на Факултетот за Исламски науки - Скопје

66. Информација за донесување на Одлука за изменување на Изјавата за основање на Трговското друштво „Нафтовод“ ДООЕЛ Скопје со Предлог-одлука

67. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година

68. Информација за ангажирање на правни застапници на Република Северна Македонија по повод поведена инвестициската арбитража во предметот Gokul das Binani and Madhu Binani против Република Северна Македонија од 3 ноември 2020 година (нова поведена арбитражна постапка против Република Македонија од страна на Гокул дас Бинани и Мадху Бинани)

69. Информација за обезбедување на деловен простор без надомест за привремено користење во Домот на Армијата на Република Северна Македонија а за потребите на Државната комисија за спречување на корупцијата

70. Предлог - одлука за изменување и дополнување на Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година

71. Предлог - програма за изменување на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2020 година

72. Информација за содржината на Програмата за изменување на Програмата за изградба на нови објекти и за реконструкција, санација и адаптација на постојните

објекти што ги користат националните установи од областа на културата за 2020 година, со Предлог-одлука

73. Предлог - одлука за престанок и за давање на времено користење на движни ствари на Министерство за внатрешни работи

74. Информација за донесување на одлука за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта, со Предлог – одлука

*

*         *

Владата без забелешки ги усвои записниците од 19-та и 27-та седница на Владата, одржани на 10 ноември 2020 година и 10 декември 2020 година.

*

*         *

ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВНИОТ РЕД:

**Практично Упатство за правилата за ад-хок откривање управување со случаи на судир на интереси за членовите на Владата на Република Северна Македонија, со презентација од Државната комисија за спречување на корупцијата**

Владата се информираше со Практичното упатство за правилата за ад-хок откривање управување со случаи на судир на интереси за членовите на Владата на Република Северна Македонија, со презентација од Државната комисија за спречување на корупцијата.

**Нацрт - концепција за основно образование во Република Северна Македонија**

Министерот за образование и наука, Мила Царовска ги информираше членовите на Владата за новиот концепт за основното образование, а претставниците од Работната група изврши презентација на истиот.

*

*         *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја донесе Одлуката за распределба на добивката по Годишната сметка за 2019 година на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација „М-НАВ“ АД Скопје, во предложениот текст.

Истовремено, да се има предвид Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 2**

Владата ја донесе Одлуката за избор на овластен ревизор за ревизија на Годишните сметки и финансиските извештаи за 2020 и 2021 година на АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје (нов текст), во предложениот текст.

Исто така, да се има предвид укажувањето во мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 3**

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредните години од буџетот на Државна комисија за спречување на корупцијата за набавка за изработка на Регистар на избрани и именувани лица, електронско доставување на изјава за имотна состојба и интереси, нивно објавување, систем за прибирање на податоци од други институции, нивна обработка, модул за менаџирање со документи и одржување на целокупниот систем (најнов текст) и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредните години на Државната комисија за спречување на корупцијата, за набавка за изработка на Регистар на избрани и именувани лица, електронско доставување на изјава за имотна состојба и интереси, нивно објавување, систем за прибирање на податоци од други институции, нивна обработка, модул за менаџирање со документи и одржување на целокупниот систем, во вкупна вредност од 48.920.000 денари со ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:

- 11.000.000 денари во 2021 година и
- 37.920.000 денари во 2022 година.

2. Се укажува на Државната комисија за спречување на корупцијата да ги прикаже потребните буџетски средства во буџетскиот циркулар за 2022 година, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 фискална година.

**Точка 4**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за избор на овластен ревизор за ревизија на Годишната сметка за 2020 година на Акционерското друштво за производство на електрична енергија ТЕЦ Неготино, во државна сопственост, Неготино, во предложениот текст.

**Точка 5**

Владата ја разгледа Информацијата за Предлог договорот за доделување на државна помош на Друштво за производство, трговија и услуги „Пурпласт МК" ДОО Илинден, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Договорот за доделување на државна помош на Друштвото за производство, трговија и услуги „Пурпласт МК" ДОО Илинден – корисник на Технолошка индустриска развојна зона Скопје 2, во предложениот текст.

Истовремено, предлагачот да го има предвид укажувањето во Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија дека е потребно во предложената Информација да биде изготвен и доставен план за реализација во системот за следење на програми (ППМС систем).

**Точка 6**

Владата ја разгледа Информацијата за текот за реализација на Проектот за користење услуга на Бањско климатска рекреација на корисници на пензија за 2020 година, со Предлог услугата на Бањско климатска рекреација на корисници на пензија на кои во 2020 година им беше одобрено користење на услугата, а не се реализираше заради состојбата со пандемијата истата да ја искористат во 2021 година, ја усвои Информацијата и не го прифати предлогот на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија услугата на Бањско климатска рекреација на корисници на пензија на кои во 2020 година им беше одобрено користење на услугата, а не се реализираше заради состојбата со пандемијата истата да ја искористат во 2021 година.

**Точка 7**

Владата го разгледа и го усвои Извештајот за реализирана Годишна програма за работа на Институт за акредитација на Република Северна Македонија за 2019 година, со дополнувањето кон материјалот.

Истовремено, предлагачот да ги има предвид укажувањата во Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија дека е потребно во предложениот Извештај да биде изготвен и доставен план за реализација во системот за следење на програми (ППМС систем).

**Точка 8**

Владата ја разгледа Информацијата со Предлог - одлука за престанок на користење и пренесување на правото на сопственост на движни ствари на

Општина Чаир (ситен инвентар и компјутерска опрема), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за престанок на користење и пренесување на правото на сопственост на движни ствари на Општина Чаир (нов текст), во предложениот текст.

Исто така, потребно е да се има предвид укажувањето во Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**<u>Точка 9</u>**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, во предложениот текст.

Истовремено, Агенцијата за супервизија на осигурувањето да го има предвид укажувањето во Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија дека е потребно во предложената Информација да биде изготвен и доставен план за реализација во системот за следење на програми (ППМС систем), во кој треба да биде содржан начинот на реализација на Предлог – одлуката.

**<u>Точка 10</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за донесување на Предлог-одлуката за изменување на Одлуката за висината на надоместоците за спроведување на активности од јавен интерес од областа на здравствена заштита на животните (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за висината на надоместоците за спроведување на активности од јавен интерес од областа на здравствена заштита на животните, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи во Програмата за користење на средства за здравствена заштита на животните во 2021 година да се предвидат финансиските средства за активностите со реден број 34, 35 и 36 од прилозите 1 и 2 на Одлуката и истата да биде доставена до крајот на декември 2020 година.

**<u>Точка 11</u>**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за доделување на патокази за туристичка намена на Општина Ресен, со Предлог - одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Општина Ресен, во предложениот текст.

Истовремено, Влада заклучи предлагачот да го има предвид укажувањето во Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 12**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, со предлог-одлуки, ја усвои Информацијата и ги донесе:

1. Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, во предложениот текст.

2. Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, во предложениот текст.

Истовремено, предлагачот да го има предвид укажувањето во Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија дека е потребно во предложената Информација да биде изготвен и доставен план за реализација во системот за следење на програми (ППМС систем).

**Точка 13**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за давање согласност со подавка преку Нотар да се понуди ½ идеален дел за продажба на одземен недвижен имот на другите сосопственици на недвижниот имот (запишан во Имотен лист бр.449 за КО Центар 1 на КП 8346/1, Имотен лист 98060 за КО Центар 1 на КП 8346/6, Имотен лист 104180 за КО Центар 1на КП 8346/7 и Имотен лист 112547 за КО Центар 1 на КП 8346/1)08-3172/1, со Предлог-одлука.

**Точка 14**

Владата го разгледа најновиот текст на Предлогот на закон за управување со отпадот, условно го утврди поради потребата текстот на истиот да се усогласи со Управата за јавни приходи и Секретаријатот за законодавство и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Христина Оџаклиевска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање, а за повереници Каја Шукова, државен секретар во Министерството за животна средина и просторно планирање и Тодор Ѓорговски, државен советник во Министерството за животна средина и просторно планирање.

**Точка 15**

Владата го разгледа најновиот текст на Предлогот на закон за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад, условно го утврди поради потребата текстот на истиот да се усогласи со Управата за јавни приходи и Секретаријатот за законодавство и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Христина Оџаклиеска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање, а за повереници Каја Шукова, државен секретар во Министерството за животна средина и просторно планирање и Тодор Ѓорговски, државен советник во Министерството за животна средина и просторно планирање.

**Точка 16**

Владата го разгледа најновиот текст на Предлогот на закон за управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема, условно го утврди поради потребата текстот на истиот да се усогласи со Управата за јавни приходи и Секретаријатот за законодавство и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Христина Оџаклиеска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање, а за повереници Каја Шукова, државен секретар во Министерството за животна средина и просторно планирање и Тодор Ѓорговски, државен советник во Министерството за животна средина и просторно планирање.

**Точка 17**

Владата го разгледа најновиот текст на Предлогот на закон за управување со дополнителни текови на отпад, условно го утврди поради потребата текстот на истиот да се усогласи со Управата за јавни приходи и Секретаријатот за законодавство и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Христина Оџаклиеска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање, а за повереници Каја Шукова, државен секретар во Министерството за животна средина и просторно планирање и Тодор Ѓорговски, државен советник во Министерството за животна средина и просторно планирање.

**Точка 18**

Владата го разгледа најновиот текст на Предлогот на закон за управување со пакување и отпад од пакување, условно го утврди поради потребата текстот на

истиот да се usoгласи со Управата за јавни приходи и Секретаријатот за законодавство и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Христина Оџаклиевска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање, а за повереници Каја Шукова, државен секретар во Министерството за животна средина и просторно планирање и Тодор Ѓорговски, државен советник во Министерството за животна средина и просторно планирање.

**Точка 19**

Владата го разгледа најновиот текст на Предлогот на закон за управување со батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори, условно го утврди поради потребата текстот на истиот да се усогласи со Управата за јавни приходи и Секретаријатот за законодавство и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Христина Оџаклиеска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање, а за повереници Каја Шукова, државен секретар во Министерството за животна средина и просторно планирање и Тодор Ѓорговски, државен советник во Министерството за животна средина и просторно планирање.

**Точка 20**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за активностите кои треба да се преземат во врска со реализацијата на Договорот за градежни работи „Изградба на патна делница Градско – Клучка Дреново, како дел од Коридор 10-д“ и го усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии пред исплата на отштетното побарување бр.1 од Договорот за градежни работи „Изградба на патна делница Градско – Клучка Дреново, како дел од Коридор 10-д“ да побара писмен допис од Изведувачот Тирена Скави како потврда за склучување на договорот за преземање (Асигнација) на Договорот за градежни работи, во рок од една недела од усвојување на оваа информација.

2. Даде согласност и го задолжи Министерството за финансии да го исплати отштетното побарување бр.1 кон Изведувачот Тирена Скави во врска со Договорот за градежни работи „Изградба на патна делница Градско – Клучка Дреново, како дел од Коридор 10-д“, со средства од Буџетот на Република Северна Македонија во износ од 1.178.000,00 евра, согласно издадена Детерминација на Надзорот, по добивање на писмениот допис од Изведувачот, од заклучок бр.1.

3. Се задолжува Министерството за финансии, во соработка со Министерството за транспорт и врски и ЈП за државни патишта, да ги преземе сите потребни

активности за спроведување на постапката за исплата на отштетното побарување бр.1. од Договорот за градежни работи „Изградба на патна делница Градско – Клучка Дреново, како дел од Коридор 10-д“, согласно одредбите од Договорот, до 31 декември 2020 година.

4. Се задолжува Министерството за финансии, во соработка со Министерството за транспорт и врски и ЈП за државни патишта, со поддршка на Надзорот, да ги преземат сите потребни активности за пренесување (асигнација) на Договорот за градежни работи „Изградба на патна делница Градско – Клучка Дреново, како дел од Коридор 10-д“ кон друг Изведувач, до 31 декември 2020 година.

**Точка 21**

Владата ја разгледа Информацијата за задолжување на Општина Ново Село кај Комерцијална банка АД Скопје, со Предлог-одлука за задолжување на Општина Ново Село со долгорочен кредит кај Комерцијална банка АД Скопје, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за задолжување на Општина Ново Село со долгорочен кредит кај Комерцијална банка АД Скопје (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 22**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Оперативниот буџет на ТАВ Македонија ДООЕЛ за 2021 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го одобри Оперативниот буџет на ТАВ Македонија ДООЕЛ за 2021 година.

2. Се задолжува Министерството за транспорт и врски да го информира ТАВ Македонија ДООЕЛ за одобрувањето на Оперативниот буџет за 2021 година.

Истовремено, предлагачот да го има предвид укажувањето во Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија дека е потребно во предложената Информација да биде изготвен и доставен план за реализација во системот за следење на програми (ППМС систем).

**Точка 23**

Владата ја разгледа Информацијата со Предлог за именување на претседател на македонскиот дел на мешовитите комисии/комитети по спогодбите/договорите за економска/техничка/научна и трговска соработка со владите на одделни земји, со предлог-решенија и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го донесе Решението за именување претседател на македонскиот дел на мешовитите тела согласно договорите и спогодбите (нов текст), во предложениот текст.

2. Го донесе Решението за именување претседател на македонскиот дел на Меѓувладината македонско-турска комисија за трговско-економска и научно-техничка соработка по Спогодбата за трговска и економска соработка меѓу

Република Македонија и Република Турција и Мешовитиот комитет за спроведување на Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Република Турција (нов текст), во предложениот текст.

3. Го донесе Решението за именување претседател на македонскиот дел на Мешовитиот македонско-виетнамски комитет за економска соработка по Договорот за економска соработка помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Социјалистичка Република Виетнам (нов текст), во предложениот текст.

4. Го донесе Решението за именување претседател на македонскиот дел на меѓувладиниот Македонско-украински комитет за спроведување на Договорот за трговска и економска соработка (нов текст), во предложениот текст.

5. Го донесе Решението за именување претседател на македонскиот дел на Мешовитиот комитет за билатерална економска соработка по Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Чешката Република за економска и индустриска соработка (нов текст), во предложениот текст.

6. Го донесе Решението за именување претседател на македонскиот дел на Македонско-словачка мешовита комисија за економска соработка по Меморандумот за економска соработка меѓу Министерството за економија на Република Македонија и Министерството за економија на Словачка Република (нов текст), во предложениот текст.

7. Го донесе Решението за именување на претседател на македонскиот дел на Мешовитата комисија за економска, научна и техничка соработка по Договорот за економска, научна и техничка соработка меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Романија (нов текст), во предложениот текст.

8. Го донесе Решението за именување на државниот секретар во Министерството за економија, Размена Чекиќ-Дуровиќ за претседател на македонскиот дел на мешовити комисии согласно договорите и спогодбите (нов текст), во предложениот текст.

9. Го донесе Решението за именување претседател на македонскиот дел на Мешовитата комисија по Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Народна Република Кина за трговска и стопанска соработка (нов текст), во предложениот текст.

Исто така, потребно е да се има предвид укажувањето во Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 24**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата во врска со Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина и Тендерска документација за спроведување на постапката за локалитетот „Бодевица“ Кучов Рид, Општина Пехчево, со Предлог – одлука и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за престанок на важење на Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-керамичка глина на локалитетот „Бодевица“ Кучов Рид, Општина Пехчево („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.149/19), со заклучок текстот на истата редакциски да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

2. Се задолжува Министерството за економија да започне нова постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина, откако Одлуката за престанок на важење на Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-керамичка глина на локалитетот „Бодевица“ Кучов Рид, Општина Пехчево, ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

**<u>Точка 25</u>**

Владата ја разгледа Информацијата со Анализа и Акциски план за Преспанското Езеро, подготвена од Експертската работна група за Преспанското Езеро и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати Акцискиот план за Преспанското Езеро, подготвен од Експертската работна група за Преспанското Езеро.

2. Се задолжуваат надлежните институции утврдени во Акцискиот план за Преспанското Езеро, да обезбедат финансиски средства за реализација на мерките од Акцискиот план за Преспанското Езеро, подготвен од Експертската работна група за Преспанското Езеро.

**<u>Точка 26</u>**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со барањето на концесионерот „Гравис Хидро“ ДОО Гостивар за продолжување на рокот за изградба и почеток со комерцијална работа на мали хидроелектрични централи, МХЕЦ „Пена“ со реф.бр. 82, МХЕЦ Пена со реф. бр 84, МХЕЦ Пена со реф.бр. 85, МХЕЦ „Шеличе“ со реф.бр. 91 и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се овластува министерот за животна средина и просторно планирање, во име на Владата на Република Северна Македонија како Концедент да склучи Анекс на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Пена со реф.бр. 82, бр. 11-4654/1 од 10.11.2020 година, за продолжување на рокот за изградба и почеток на комерцијалното работење до 25.1.2023 година.

2. Се овластува министерот за животна средина и просторно планирање, во име на Владата на Република Северна Македонија како Концедент да склучи Анекс на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Пена со реф. бр 84, МХЕЦ

„Пена“ со реф.бр. 85, МХЕЦ „Шеличе“ со реф.бр. 91, бр. 11-4653/1 од 10.11.2020 година, за продолжување на рокот за изградба и почеток на комерцијалното работење до 25.1.2023 година.

3. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да побара од Концесионерот „Гравис Хидро“ ДОО Гостивар да ја продолжи важноста на банкарските гаранции за квалитетно извршување на договорите најмалку до 27.3.2023 година.

**Точка 27**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со барањето на концесионерот „Барт Енерџи“ ДОО Скопје за продолжување на рокот за изградба и почеток со комерцијална работа на МХЕЦ Градиште и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се овластува Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, во име на Владата на Република Северна Македонија како Концедент да склучи Анекс на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Градиште, бр. 11-2359/1 од 4.5.2020 година, за продолжување на рокот за изградба и почеток на комерцијалното работење до 18.9.2021 година.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да побара од Концесионерот „Барт Енерџи“ ДОО Скопје да ја продолжи важноста на Банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот најмалку до 18.11.2021 година.

**Точка 28**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со барањето на концесионерот „Макбел хидро“ ДОО Охрид за продолжување на рокот за изградба и почеток со комерцијална работа на МХЕЦ „Караниколос“ со реф.бр. 80 и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се овластува Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, во име на Владата на Република Северна Македонија како концедент да склучи Анекс на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ „Караниколос“, бр. 11-692/1 од 25 јануари 2018 година, за продолжување на рокот за изградба и почеток на комерцијалното работење до 25 јануари 2022 година.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да побара од концесионерот „Макбел хидро“ ДОО Охрид да ја продолжи важноста на Банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот најмалку до 25 март 2022 година.

Истовремено, да се има предвид укажувањето во Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

## Точка 29

Владата ја разгледа Информацијата во врска со барањето на Концесионерот Хидроенергија ДООЕЛ Скопје за продолжување рокот за изградба и почеток со комерцијална работа на малата хидроелектична централа МХЕЦ „Стровија" со реф. бр. 250, со Анекс на договор и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се овластува Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, во име на Владата на Република Северна Македонија како концедент да склучи Анекс на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ „Стровија" со реф.бр. 250, бр. 11-795/1 од 30.1.2018 година, за продолжување на рокот за изградба и почеток на комерцијално работење до 4 април 2022 година.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да побара од концесионерот Хидроенергија ДООЕЛ Скопје да ја продолжи важноста на Банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот најмалку до 3 јуни 2022 година.

Истовремено, предлагачот да го има предвид укажувањето во Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

## Точка 30

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата во врска со статусот на реализација на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични, МХЕЦ „Жировница" со реф.бр. 5, МХЕЦ „Жировница" со реф.бр.6 на концесионерот „Хидроген енерџи" ДОО Скопје, со Анекс на договор и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Се овластува Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, во име на Владата на Република Северна Македонија како концедент да склучи Анекс на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ „Жировница" со реф.бр.5, МХЕЦ „Жировница" со реф.бр.6, бр. 02-5812/1 од 2.7.2015 година, за продолжување на рокот за изградба и почеток на комерцијалното работење до 3.1.2023 година.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да побара од концесионерот „Хидроген енерџи" ДОО Скопје да ја продолжи важноста на Банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот најмалку до 4.3.2023 година.

Истовремено, да се има предвид Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

## Точка 31

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка

планска документација за изградба на објект со намена Г4–стоваришта КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Г4–стоваришта КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево, во предложениот текст.

Истовремено, предлагачот да го има предвид укажувањето во мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија дека е потребно во предложената Информација да биде изготвен и доставен план за реализација во системот за следење на програми (ППМС систем), во кој ќе биде содржан начинот на реализација на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Г4–стоваришта КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево.

**Точка 32**

Владата ја издаде Лиценцата за приредување на игри на среќа во обложувалница на Друштвото за трговија и услуги „Тотал Про Спорт“ ДООЕЛ Скопје во уплатно-исплатното место кое се наоѓа на ул.„7“ бр.8, Батинци, Студеничани, Скопје, во предложениот текст.

**Точка 33**

Владата го разгледа Годишниот извештај за учеството на припадници на Армијата и вработените во Министерството за одбрана во хуманитарни операции, меѓународни операции, во НАТО мисии и операции и операции во примената на правото на индивидуална или колективната самоодбрана, како и во операции за кризен менаџмент и кооперативна безбедност надвор од територијата на Република Северна Македонија во 2020 година го усвои и заклучи да го достави до Собранието на Република Северна Македонија, најдоцна до 23 декември 2020 година.

**Точка 34**

Владата ја разгледа Информацијата за потпишување на Договорот за правната положба на Организацијата на Северноатлантскиот договор, националните претставници и меѓународниот персонал, со текст на Договор и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати текстот на Договорот за правната положба на Организацијата на Северноатлантскиот договор, националните претставници и меѓународниот персонал.

2. Го определи д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, во име на Владата на Република Северна Македонија да го потпише Договорот за правната положба на Организацијата на Северноатлантскиот договор, националните претставници и меѓународниот персонал.

Истовремено, да се има предвид Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 35**

Владата ја донесе Одлуката за отворање на Почесен конзулат на Исланд во Република Северна Македонија со седиште во Скопје, во предложениот текст.

Истовремено, предлагачот да го има предвид Мислењето од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 36**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност за именување Почесен конзул на Исланд во Република Северна Македонија со седиште во Скопје, во предложениот текст.

Истовремено, предлагачот да го има предвид Мислењето од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 37**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Казнено - поправната установа Затвор Битола (скенер), во предложениот текст.

Истовремено, предлагачот да го има предвид укажувањето во Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија дека е потребно во предложената Информација да биде изготвен и доставен план за реализација во системот за следење на програми (ППМС систем).

**Точка 38**

Владата го донесе новиот текст на Решението за именување национален координатор, негови заменици, секретар и членови на Националната комисија за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција во Република Северна Македонија, во предложениот текст.

Исто така, предлагачот да го има предвид укажувањето во мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија дека е потребно во предложениот материјал да биде изготвен и доставен план за реализација во системот за следење на програми (ППМС систем), во кој ќе биде содржан начинот на реализација на Решението.

**Точка 39**

Владата го донесе новиот текст на Деловникот за дополнување на Деловникот за работа на Владата на Република Северна Македонија, во предложениот текст.

## Точка 40

Владата ја разгледа Информацијата по доставено Барање за одобрение за основање на приватна установа за вонсемејна социјална заштита на стари лица „АРИЈА" на ул. Рудо бр. 15 Бутел - Скопје, со Предлог - одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање на одобрение за основање на приватна установа за вон-семејна социјална заштита на стари лица, во предложениот текст.

## Точка 41

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Здравствен дом Ресен (две патнички моторни возила), во предложениот текст.

## Точка 42

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Центар за јавно здравје Тетово, во предложениот текст.

Истовремено, Министерството за здравство да го има предвид укажувањето во Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

## Точка 43

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Здравствен дом Гостивар, во предложениот текст.

## Точка 44

Владата ги разгледа новите текстови на Предлог - решението за назначување на претседател, заменик - претседател и членови на Оперативното постојано тело за развој на концептот за едно општество и интеркултурализмот и Предлог - решението за назначување на претседател, заменик - претседател, членови, заменици - членови и секретари на Координативното тело за изготвување и следење на имплементација на Националната стратегија за развој на концептот за едно општество и интеркултурализам и притоа заклучи:

1. Го донесе новиот текст на Решението за назначување на претседател, заменик - претседател и членови на Оперативното постојано тело за развој на концептот за едно општество и интеркултурализмот, во предложениот текст.

2. Во однос на Предлог-решението за назначување на претседател, заменик - претседател, членови, заменици - членови и секретари на Координативното тело за изготвување и следење на имплементација на Националната стратегија за развој

на концептот за едно општество и интеркултурализам, заклучи истото да се дополни со два нови члена и тоа Тахир Хани, заменик на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија и Санела Хаџибулиќ од Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците.

За таа цел, Владата заклучи да се измени Одлуката за формирање на Координативното тело за изготвување на Националната стратегија за развој на концептот за едно општество и интеркултурализам која да се смета за донесена на оваа седница на Владата.

3. Предлог-решението за назначување на претседател, заменик - претседател, членови, заменици - членови и секретари на Координативното тело за изготвување и следење на имплементација на Националната стратегија за развој на концептот за едно општество и интеркултурализам да се разгледа на наредната седница на Владата.

**Точка 45**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Зафир Хаџи –Зафиров од Скопје за купопродажба на недвижен имот со КП 12592 и Имотен лист бр.92594 за КО Ѓорче Петров 6 - Ѓорче Петров и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 46**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Фатмир Ајрули од Скопје за купопродажба на недвижен имот со КП 858, дел 1, Викано место/улица РУПА и Имотен лист бр.1720 за КО Бардовци и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 47**

Владата ја разгледа Понудата за купопродажба на недвижен имот со КП 858, дел 2, Викано место/улица РУПА и Имотен лист бр.49246 за КО Бардовци, доставена од нотар Фатмир Ајрули од Скопје и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 48**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Јадранка Коцевска од Свети Николе за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.12879 за Свети Николе на КП бр.9915 дел 2 место викано Македонска и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

**Точка 49**

Владата ја избра Александра Маројевиќ за независен неизвршен член на Одборот на директори на Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси Скопје, во државна сопственост.

**Точка 50**

**1.** Владата заклучи да го повлече од собраниска постапка Предлогот на закон за Агенцијата за разузнавање доставен до Собранието на Република Северна Македонија, со писмо под бр.44-9488/1 од 24 ноември 2020 година, поради потребата истиот повторно да биде утврден со европско знаменце.

Предлогот на закон за Агенцијата за разузнавање повторно да се утврди на наредната седница на Владата.

**2.** Владата заклучи покрај веќе определените претставници на Владата во Собранието на Република Северна Македонија по Предлогот на закон за решавање на спорот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и „Макпетрол“ АД Скопје по пат на спогодба, по скратена постапка да ги определи и м-р Крешник Бектеши, министер за економија и Благој Бочварски, министер за транспорт и врски.

**3.** Владата по Барањето за доделување на средства за остварување на работењето на Главниот одбор на Сојузот на борците од НОАВМ 1941-1945 и граѓаните продолжувачи, како и за реализација на програмите за следната 2021 година заклучи:

- Се задолжува Министерството за труд и социјална политика, во соработка со Министерството за финансии да предложат репрограм во рамките на буџетот на Министерството за труд и социјална политика, во износ од 5.000.000,00 денари заради исплата на средства, како поддршка на Главниот одбор на Сојузот на борците од НОАВМ 1941-1945 и граѓаните продолжувачи како и за реализација на програмите за следната 2021 година.

**4.** Владата ја разгледа Предлог - одлуката за формирање на Совет за следење на имплементацијата на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор (2017 - 2022 година) и ја донесе Одлуката со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**5.** Владата ја донесе Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година (средства во износ од 30.000.000 денари на општина Дојран, за решавање на проблемот со состојбата на Дојранското Езеро), во предложениот текст.

**6.** Владата ја донесе Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година, во предложениот текст (средства во износ од 44 милиони денари на Општина Ресен, за решавање на проблемот со состојбата на Преспанското Езеро).

**7.** По повод информирањето на доц.д-р Венко Филипче, министер за здравство, во врска со потребата од операционализирање на Одлуката за дополнување на Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена, во делот кој се однесува за влезот на патниците од Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска кои влегуваат на граничните премини на територијата на Република Северна Македонија или транзитираат, Владата заклучи:

1) Сите патници од Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска кои влегуваат на граничните премини на територијата на Република Северна Македонија, задолжително пополнуваат и потпишуваат Изјава за самоизолација под полна морална, материјална и кривична одговорност, со лични податоци, податоци за местото на престојување и временскиот период на престојот, која е составен дел од Одлуката.

2) За сите видови групни или индивидуални патувања, патниците од Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска кои транзитираат низ територијата на Република Северна Македонија, задолжително потпишуваат Изјава за транзитирање, која е составен дел од Одлуката, а се задржуваат најмногу до пет часа од влезот на територијата на Република Северна Македонија до напуштање на територијата на државата.

Согласно ова, Владата донесе Одлука за дополнување на Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена.

**8.** Владата го задолжи Министерството за информатичко општество и администрација да подготви и на наредната седница на Владата да достави Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен (со европско знаменце).

**9.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради заштита од илегална миграција и заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за Коронавирусот COVID-19 и спречување од негово ширење и заради висок ризик и зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија за период од 9 декември 2020 година до 15 декември 2020 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија.

**10.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба на територија на Република Северна Македонија, заради заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2 и заради спречување од негово ширење во зголемен обем со што се загрозува безбедноста на здравјето на населението за период од 11 декември 2020 година до 17 декември 2020 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија.

**11.** По повод барањето на м-р Радмила Шекеринска Јанковска, министер за одбрана, Владата заклучи на лекарите и медицинскиот персонал од Министерството за одбрана кои се отстапени на јавното здравство да се даде награда соодветна на наградата која се дава на лекарите и медицинскиот персонал од јавното здравство.

Средствата за оваа намена да бидат обезбедени од буџетот на Министерството за одбрана.

**12.** По повод барањето на д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика, Владата заклучи на персоналот од ЈУ Специјален завод Демир Капија кој работел со штитеници заболени од Коронавирусот КОВИД 19 да се даде еднократна парична награда, соодветна на наградата која се дава на лекарите и медицинскиот персонал од јавното здравство.

Средствата за оваа намена да бидат обезбедени од буџетот на Министерството за труд и социјална политика, и да бидат одобрени како план на ЈУ Специјален завод Демир Капија.

**13.** Владата заклучи Заклучокот од Нацрт – записникот од Дваесет и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 10 декември 2020 година, точка 17 (Прашања и предлози), а во врска со доставувањето на предлог – програмите (финансиски планови, инвестициони програми, програми за работа, со пополнети табеларни параметри согласно урнеците за финансиско информирање од претходните години) за користење на средства за 2021 година кои произлегуваат од Буџетот и од другите материјални закони, во делот на доставување на мислење на истите до надлежните институции да се измени и да гласи:

„За оваа цел, сите предлог – програми за работа за 2021 година, финансиски планови, инвестициони програми и слично, претходно да бидат усвоени и/или одобрени од органите на управување во надлежните институции и доставени на мислење до Министерството за финансии, Секретаријатот за законодавство, Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, како и до другите ресорно надлежни институции, со цел навремено усогласување на истите и нивно доставување до Владата, најдоцна до 18.12.2020 година.“.

**14.** Владата по Информацијата за исплата на правото на додаток за степен на кариера на административни службеници, од Министерството за финансии, заклучи:

1) За надминување на проблемот со исплата на додаток на плата за степен на кариера на административните службеници кои се унапредиле согласно Законот за административни службеници се формира работна група од државните секретари во Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за финансии, Министерството за одбрана и претставник од Секретаријатот за законодавство.

2) Се задолжува државниот секретар во Министерството за информатичко општество и администрација да организира средба на работната група.

3) Се задолжува работната група во рок од пет дена да подготви и до Владата да достави соодветен предлог за изнаоѓање на трајно решение за исплата на додаток на плата за степен на кариера на унапредените административни службеници.

## Точка 51

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за примена на Законот за медијација, како материјал за информирање.

## Точка 52

Владата го разгледа Финансискиот извештај на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала Борис Трајковски ДООЕЛ Скопје, за период од 1 јули 2020 година до 30 септември 2020 година, како материјал за информирање.

## Точка 53

Владата го разгледа Тримесечниот финансиски извештај за работењето на АД ТЕЦ Неготино, за периодот јули-септември 2020 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Влада заклучи предлагачот да го има предвид укажувањето во Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

## Точка 54

Владата го разгледа Извештајот за финансиското работење на ЈП „Стрежево"-Битола за третото тримесечје 2020 година од 1 јули 2020 година - 30 септември 2020 година, како материјал за информирање.

Истовремено, предлагачот да го има предвид Мислењето од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, како и укажувањето во Мислењето од Министерството за животна средина и просторно планирање да се преземат мерки и активности за надминување (покривање) на загубата, подмирување на обврските и наплатата на побарувањата кои се настанати во изминатиот период.

**Точка 55**

Владата ја разгледа Информацијата со извештај за преземени активности предвидени во Националната стратегија за развој на концептот за едно општество и интеркултурализмот и Акцискиот план за спроведување за 2020-2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 56**

Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 22 декември 2020 година, го разгледа Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и Ревизија на усогласеност за 2019 година на Јавната здравствена установа Институт по белодробни заболувања кај децата Козле-Скопје [Сметка за приходи од Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија (737)], како материјал за информирање.

Истовремено, Владата ја задолжи Јавната здравствена установа Институт по белодробни заболувања кај децата Козле-Скопје, да подготви Акциски план со точно дефинирани активности, рокови и носители за имплементација на дадените препораки од Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи заедно со Ревизијата на усогласеност за 2019 година во Јавната здравствена установа Институт по белодробни заболувања кај децата Козле-Скопје, во функција на надминување на утврдените состојби и истиот во рок од 30 дена да го достави до Владата на Република Северна Македонија и до Државниот завод за ревизија.

Исто така, да се има предвид укажувањето во Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 57**

Владата го разгледа Извештајот за работа на Советот на Институтот за акредитација на Република Северна Македонија за 2019 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Институтот за акредитација на Република Северна Македонија да го има предвид укажувањето во Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија дека е потребно во предложениот Извештај да биде изготвен и доставен план за реализација во системот за следење на програми (ППМС систем).

**Точка 58**

Владата го разгледа Извештајот од Одборот за надзор на материјално-финансиското работење на Институтот за акредитација на Република Северна Македонија за 2019 година, со Одговор за ефектот на обуките, консултантските и други договорни услуги и споредување на постигнатите резултати со трошоците за таа намена, согласно укажувањето во Мислењето на Канцеларијата на

претседателот на Владата на Република Северна Македонија, како материјал за информирање.

Истовремено, Институтот за акредитација на Република Северна Македонија да го има предвид укажувањето во Мислењето на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија дека е потребно во предложениот Извештај да биде изготвен и доставен план за реализација во системот за следење на програми (ППМС систем).

<u>Точка 59</u>

Владата ја разгледа Информацијата за вакцинацијата против КОВИД-19 (прашалник на УНИЦЕФ и мислење од Бирото за јавни набавки) и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за внатрешни работи, Агенцијата за лекови и медицински средства, Царинската управа и Министерството за здравство во рок од седум работни дена да изготват и до Министерството за здравство да достават сопствени акциски планови (активност, надлежна внатрешна организациона единица, овластено лице/овластени лица, рокови) и стандардни оперативни процедури (СОП) за прием, физичко обезбедување, чување, дистрибуција и аплицирање на вакцините против КОВИД-19, согласно нивната надлежноста и нивната улога во спроведувањето на Националниот план за вакцинација против Ковид-19 и во рок од  три работни дена да изготват и достават до Министерството за здравство список на контакт лица со контакт податоци (име и презиме, мобилен телефонски број и е-маил адреси) од овие органи.

2. Се препорачува на ТАВ Македонија ДООЕЛ Скопје во рок од  седум работни дена да изготви и достави до Министерството за здравство сопствен акциски план (активност, надлежна внатрешна организациона единица, овластено лице/овластени лица, рокови) и стандардни оперативни процедури (СОП) за прием, физичко обезбедување, чување, дистрибуција и аплицирање на вакцините против КОВИД-19 и во рок од  три работни дена да изготват и достават до Министерството за здравство список на контакт лица вработени во ТАВ Македонија ДООЕЛ Скопје со нивни контакт податоци (име и презиме, мобилен телефонски број и е-маил адреси).

3. Се задолжуваат Министерството за финансии и Бирото за јавни набавки, во соработка со Министерството за здравство, во рок од најдоцна пет дена да подготват и до Владата да достават Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за јавните набавки со што ќе се овозможи плаќање на аванс поголем од 20% од цената и ослободување од обврската за обезбедување банкарска гаранција за авансно плаќање во постапките за јавни набавки директно поврзани со справувањето со епидемии и пандемии на заразни болести.

Истовремено, Владата заклучи од текстот на Информацијата, во делот 2.5, зборот „данок“ да се замени со зборовите „царински“ или „увозни“ давачки.

## Точка 60

Владата ја разгледа Информацијата за вкупно пријавени штети, согласно Елаборатите доставени од Комисијата за проценка и утврдување на висината на штетата од елементарни непогоди формирана од Владата на Република Северна Македонија, согласно Законот за заштита и спасување во 2016, 2017 и 2018 година, а за кои нема донесено никаква одлука за надомест и ја усвои со следниот заклучок:

- Се задолжува Работната група (веќе формирана од Владата) со претставници од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за финансии, Министерството за одбрана и Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, координација на економските ресори и инвестиции да одржи состанок со Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија не подоцна од крајот на декември 2020 година, со цел изнаоѓање соодветно решение по ова прашање.

## Точка 61

Владата ја донесе Одлуката за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година, во предложениот текст.

## Точка 62

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства за реализирање на студиските програми за 2020 година на Православниот Богословски факултет „Св. Климент Охридски" - Скопје придружна членка на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје, во предложениот текст.

## Точка 63

Владата ги разгледа Предлог-одлуките за изменување на одлуките за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година на Акционерско друштво Градски трговски центар – Скопје и Јавното претпријатие за државни патишта Скопје и ги донесе Одлуката за изменување на Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година и Одлуката за изменување на Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година со заклучок текстот на истите да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 64

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од реструктуирање на заемот од Светска банка за Проектот за надградба и развој на патишта во износ од 73 милиони евра и продолжување на времетраењето на Проектот и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за финансии и Министерството за транспорт и врски, а се укажува на Јавното претпријатие за државни патишта, веднаш да испратат заеднички допис до Светска банка за продолжување на времетраењето на Проектот за надградба и развој на патиштата финансиран од Светска банка, наместо до 31.12.2020, до 31.12.2022 година и воедно да побараат реструктуирање на

заемот кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка по Договорот за заем за финансирање на Проектот за надградба и развој на патиштата во интерес на завршување на Проектот и по насоки од Светска банка за раскинување на Договорот помеѓу сегашниот изведувач на работите „Тирена Скави“ - Италија и распишување на нов тендер за избор на најповолен изведувач како и распишување на нов Тендер за надзор (преку средства од Јавното претпријатие за државни патишта).

2. Се задолжува Јавното претпријатие за државни патишта да ја следи временската рамка за реализација на активностите усогласени со Светска банка.

**Точка 65**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства за реализирање на студиските програми за 2020 година на Факултетот за Исламски науки - Скопје, во предложениот текст.

**Точка 66**

Владата ја разгледа Информацијата за донесување на Одлука за изменување на Изјавата за основање на Трговското друштво Нафтовод ДООЕЛ Скопје со Предлог-одлука, ја усвои и ја донесе Одлуката за изменување на Изјавата за основање на Трговското друштво „НАФТОВОД“ ДООЕЛ Скопје, со заклучок текстот на Одлуката да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 67**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за изменување на Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година и ја донесе Одлуката, со заклучок текстот на Одлуката да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 68**

Владата ја разгледа Информацијата за ангажирање на правни застапници на Република Северна Македонија по повод поведена инвестициската арбитража во предметот Gokul das Binani and Madhu Binani против Република Северна Македонија од 3 ноември 2020 година (нова поведена арбитражна постапка против Република Македонија од страна на Гокул дас Бинани и Мадху Бинани) и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати предлогот во инвестициската арбитража во предметот Gokul das Binani and Madhu Binani против Република Северна Македонија од 3 ноември 2020 година (нова поведена арбитражна постапка против Република Македонија од страна на Гокул дас Бинани и Мадху Бинани) да се ангажира за правен застапник ORRICK – Филијала во Дизелдорф.

2. Владата се согласува со содржината на предложеното писмо за ангажирање и полномошно за застапување, доставени од страна на адвокатската куќа ORRICK – филијала Дизелдорф и предлог наведените цени за давање на адвокатски услуги.

3. Се овластува Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, во својство на претседавач на Координативното тело, во рок од три дена да ги потпише предложените документи и тоа писмото за ангажирање и полномошното за застапување, кои се доставени во прилог на оваа информација.

## Точка 69

Владата ја разгледа Информацијата за обезбедување на деловен простор без надомест за привремено користење во Домот на Армијата на Република Северна Македонија а за потребите на Државната комисија за спречување на корупцијата, ја усвои Информацијата и даде согласност за обезбедување на деловен простор без надомест за привремено користење на Домот на Армијата на Република Северна Македонија а за потребите на Државната комисија за спречување на корупцијата, за периодот од јануари 2021 година се до завршување на реконструкцијата на деловните простории на Државната комисија за спречување на корупцијата.

## Точка 70

Владата ја разгледа Предлог - одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година и ја донесе Одлуката со заклучок предлагачот да го усогласи текстот на Одлуката со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 71

Владата го донесе новиот текст на Програмата за изменување на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2020 година, во предложениот текст.

## Точка 72

Владата ја разгледа Информацијата за содржината на Програмата за изменување на Програмата за изградба на нови објекти и за реконструкција, санација и адаптација на постојните објекти што ги користат националните установи од областа на културата за 2020 година, со Предлог-одлука, ја усвои и ја донесе Одлуката за давање согласност на Програмата за изменување на Програмата за изградба на нови објекти и за реконструкција, санација и адаптација на постојните објекти што ги користат националните установи од областа на културата за 2020 година, со заклучок текстот на Одлуката да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 73

Владата ја разгледа Предлог - одлуката за престанок и за давање на времено користење на движни ствари на Министерство за внатрешни работи и ја донесе Одлуката за престанок и за давање на времено користење на движни ствари на Министерство за внатрешни работи, со заклучок истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 74

Владата ја разгледа Информацијата за донесување на одлука за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта, во предложениот текст.

*

*   *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 17:25 часот.

| ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА |
|---|---|
| Мухамед Зеќири | Зоран Заев |